# ЕКОНОМСКИТЕ АКТИВНОСТИ ВО ПОГРАНИЧНИТЕ РЕГИОНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО БУГАРИЈА: ЗАПОСТАВЕНА ДИМЕНЗИЈА

## Резултати од истражување спроведено во мај 2023

**Центар за економски анализи – ЦЕА**

Мај 2023, Скопје

| | |
|---|---|
| **Проект:** | Проект Република Северна Македония – крайгранични икономически връзки с Република България: неизползван потенциал? се финансира със средства по Българската помощ за развитие<br><br>Економските активности во пограничните региони на Северна Македонија со Бугарија: запоставена димензија, финансирана од Бугарската развојна помош |
| **Имплементиран од:** | Центар за економски анализи – ЦЕА Скопје |
| **Наслов:** | Економските активности во пограничните региони на Северна Македонија со Бугарија: запоставена димензија. Резултати од истражување во Мај 2023 |

© Copyright 2023 www.cea.org.mk

Настоящата публикация е изготвена с финансовата подкрепа на Българската помощ за развитие. Отговорност за съдържанието носят единствено изпълнителите на проекта Център за икономически анализи -ЦЕА. При никакви обстоятелства материалите (в съответната публикация) не могат да се разглеждат като отразяващи позицията на Република България и Българската помощ за развитие.

Оваа публикација е изработена со финансиска помош на Бугарската развојна помош. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Центарот за економски анализи-ЦЕА и во никој случај не може да се смета дека ги одразува ставовите на Република Бугарија и Бугарската развојна помош.

# Содржина


**За Проектот** ........ 5

**Вовед** ........ 6

**Деловни субјекти во трите општини** ........ 7

**Резултати од анкетата** ........ 8

Општи коментари ........ 8

Бензински пумпи ........ 8

Стоматолози и општи амбуланти ........ 9

Продавници за малопродажба ........ 10

Такси услуги ........ 12

Хотели и ресторани ........ 13

Зелени пазари ........ 14

Поголеми продавници на мало ........ 15

**Локални даноци кај општините** ........ 17

**Ефекти од потрошувачката на посетителите од Бугарија** ........ 18

**Опсервации за периодот** ........ 19

**Заклучоци од периодот на известување** ........ 22

# Импресум

| | |
|---|---|
| Наслов: | Економските активности во пограничните региони на Северна Македонија со Бугарија: запоставена димензија. Резултати од истражување во Мај 2023 |
| За Издавачот: | Марјан Николов<br>Центар за економски анализи - Скопје<br>Бул. Јане Сандански 63/3<br>1000 Скопје |
| Уредник: | Марјан Николов |
| Автори: | Марјан Николов и Игор Митевски |
| Преведувач: | Ана Марија Петровска |

Оваа публикација е бесплатно достапна на:

https://cea.org.mk/istrazhuvane-republika-severna-makedonija-pogranichni-ekonomski-aktivnosti-so-bugarija-zapostavena-dimenzija/

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

341.232:339.13(497.7+497.2)(047.31)"327*05""2023"

НИКОЛОВ, Марјан
Економските активности во пограничните региони на Северна Македонија со Бугарија: запоставена димензија [Електронски извор] : Резултати од истражување во Мај 2023 / [Марјан Николов и Игор Митевски ; преведено од англиски на македонски јазик Ана Марија Петровска]. - Скопје : Центар за економски анализи – ЦЕА, 2023

Начин на пристапување (URL):
https://cea.org.mk/istrazhuvane-republika-severna-makedonija-pogranichni-ekonomski-aktivnosti-so-bugarija-zapostavena-dimenzija/
(Слободен пристап). - Текст во PDF формат, содржи 23 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 29.05.2023. - Фусноти кон текстот. - Наслов на оригинал: North Macedonia near border economic activities with Bulgaria: Neglected dimension: Results from the survey conducted in May 2023

ISBN 978-608-4731-70-2

1. Митевски, Игор [автор]
а) Погранични региони -- Економски активности -- Македонија -- Бугарија -- Истражувања -- мај, 2023

COBISS.MK-ID 60498437

# За Проектот

**ЦЕНТАРОТ ЗА ЕКОНОМСКИ АНАЛИЗИ-ЦЕА ГО СПРОВЕДУВА ПРОЕКТОТ НАСЛОВЕН: ЕКОНОМСКИТЕ АКТИВНОСТИ ВО ПОГРАНИЧНИТЕ РЕГИОНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО БУГАРИЈА: ЗАПОСТАВЕНА ДИМЕНЗИЈА, ФИНАНСИРАН ПРЕКУ БУГАРСКАТА РАЗВОЈНА ПОМОШ.**

**Општа цел:** Промовирање на социоекономска кохезија вклучувајќи работа со млади луѓе, зајакнување на добрososедските односи, регионална стабилност и меѓусебна соработка, социоекономска соработка.

**Специфични цели:** Градење на истражувачките капацитети на младите; мобилизирање на дебата заснована на докази за економските активности во пограничниот регион Делчево, Пехчево и Берово; подигнување на свеста за потребата од подобро инфраструктурно поврзување меѓу Северна Македонија и Бугарија

**Целна група:** Месното население на Берово, Пехчево и Делчево; државната и општинската администрација на трите општини со што е можен поголем опфат на резултатите од реализираниот проект.

# Вовед




Република Северна Македонија има три гранични премини со Република Бугарија: Деве Баир, Делчево и Ново Село. Во нашето истражување го разгледуваме само граничниот премин-Делчево и трите општини: Делчево, Пехчево и Берово.

Делчево е на околу 15 километри од граничниот премин, Пехчево е на околу 36 километри од граничниот премин, а Берово е на околу 45 километри од граничниот премин, поради што близината на Делчево до граничниот премин му дава компаративна предност.

Проектот започна со подготвителната фаза на регрутација на млади истражувачи од трите општини. Процесот на нивна селекција беше спроведен во текот на првиот месец (март 2023 година) од почетокот на спроведувањето на проектот. Експертот на проектот, во соработка со проектниот тим, оствари серија на состаноци со претставници од општините, локалните младински организации и локалната агенција за вработување. Примарната цел на овие состаноци беше да се соберат препораки и предлози за избор на потенцијалните млади истражувачи кои ќе работат на проектните активности.

Имајќи ги предвид дадените препораки, експертот ги оцени препорачаните кандидати и избра шест млади истражувачи. Секоја општина (Берово, Пехчево, Делчево) е претставена со двајца истражувачи, притоа водејќи сметка да се обезбеди балансиран и инклузивен пристап во процесот на селекција.

Понатаму, експертите од ЦЕА го подготвија нацрт-прашалникот кој беше тестиран на неколку претставници од локалните бизниси, како и на претставници кои работат на царинската контрола на граничниот премин „Делчево“. Земајќи ги предвид добиените повратни коментари, прашалникот беше финализиран во согласност со проектниот План на активности.

Потоа, тимот на ЦЕА го подготви модулот за обука на младите истражувачи. Обуките беа спроведени засебно во секоја од општините. За време на обуката, избраните кандидати добија информација и знаење за тоа како на професионален начин да го спроведат теренското истражување. Исто така, остварени беа и средби со градоначалниците и општинските службеници.

Овој документ е Извештај за наодите од анализираните резултати од теренската работа и прибраните информации во месец мај, согласно со проектниот план на активности.

# Деловни субјекти во трите општини

Во нашето истражување ги разгледуваме следните компании категоризирани по економска активност и го наведуваме бројот на испитаници кои одговориле на прашалникот (вкупен број на испитаници 53):

- Бензински пумпи (8 испитаници)
- Стоматолози и амбуланти (6 испитаници)
- Мали продавници – малопродажба (10 испитаници)
- Такси услуги (3 испитаници)
- Хотели и ресторани (9 испитаници)
- Зелени пазари (12 испитаници)
- Поголеми продавници за малопродажба – маркети (5 испитаници)

Сите овие бизниси припаѓаат на следните класи од класификација на економските активности според NACE[1]:

- Е - Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли (35 испитаници)
- Ж - Транспорт и складирање (3 испитаници)
- З - Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (9 испитаници)
- Н - Дејности на здравствена и социјална заштита (6 испитаници)

Во следната табела го прикажуваме бројот на деловни субјекти во овие 3 општини класифицирани по економски дејности[2]. Бројот на деловни субјекти во трите општините учествува со, речиси, 2% од сите субјекти во Северна Македонија, а во однос на вкупниот број компании по општина, значаен дел од вкупниот број компании се во овие дејности (водени, главно, од секторот Е -трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли).

Табела. Број на деловни субјекти во Берово, Делчево и Пехчево по економска активност

| | Вкупно | Е | Ж | З | Н | % од вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Северна Македонија** | **72,922** | **21,908** | **5,531** | **4,679** | **3,307** | **68** |
| **Берово** | 386 | 109 | 37 | 34 | 21 | 65 |
| **Делчево** | 505 | 155 | 39 | 41 | 32 | 67 |
| **Пехчево** | 139 | 35 | 8 | 9 | 9 | 50 |
| **Вкупен бр. на интервју** | 53 | 35 | 3 | 9 | 6 | |

[1]Види повеќе: NACE (Nomenclature of Economic Activities) е Европска статистичка класификација на економските активности: https://nacev2.com/en.

[2]Види повеќе на Државен Завод за Статистика: https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__DelovniSubj__AktDelovniSubjekti/275_DelSub_Op_02AcDSbD_mk.px/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

# Резултати од анкетата

Во овој Прв извештај, севкупната состојба на теренското истражување преку интервјуа укажува дека посетите од страна на бугарски граѓани се значително намалени споредено со претходен период, главно, поради политичката ситуација помеѓу двете земји (перцепција според мнозинството од испитаниците). Очекувањата за летниот период се малку попозитивни.

## Општи коментари

Во Извештајот за овој период посетителите од Бугарија **немале посебни барања,** освен во еден случај кога имало барање за конкретен специјалитет за јадење во еден од ресторанite во Делчево.

Во Извештајот за овој период посетителите од Бугарија **немале ниту поплаки,** освен во еден случај со поплака за високи цени во една поголема малопродажна продавница – маркет во Делчево.

## Бензински пумпи

Интервјуираните претставници на бензинските пумпи (8 од нив) изјавиле дека споредено со претходниот квартал, во овој квартал прометот од бугарските посетители е речиси ист, а , исто така, очекуваат ист промет и во следниот квартал. Тие не веруваат дека подобрените услови на патиштата би влијаеле на прометот ниту, пак, ги планираат бугарските гости во нивните деловни планови. Бугарските посетители имаат удел од помалку од 2% во вкупниот промет на бензинските пумпи. Бугарските посетители најчесто купуваат на бензинските пумпи во Делчево (40 бугарски купувачи неделно во последните 3 месеци), а во помал обем во Берово и Пехчево (само по 1 бугарски купувач неделно во последните 3 месеци). Просечната потрошувачка по купувач е околу 65 евра при една посета.

Едноставни пресметки илустрираат дека бугарските посетители месечно трошат околу 10 илјади евра во Делчево на бензинските пумпи и околу 260 евра месечно на бензинските пумпи во Берово и Пехчево. Ваквиот ефект во споредба со висината на собраните локални сопствени даноци е претставен во следниот дел во кој се претставени споредено со потрошувачката од бугарските посетители.

| Бензински станици | | | Одговори согласно прашањата од прашалникот | | | | | | | | | Вкупно Месечно во Евра |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно интервјуа | Одговори | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 10 | 11 | 14 | 15 | |
| Делчево | 19 | 4 | Ист промет како и претходни 3 месеци | Не веруваат дека подобрените услови на патиштата ќе влијаат на прометот | Не го земаат предвид при деловното планирање | 40 бугарски купувачи на недела последните 3 месеци | Помалку од 2% од промет | 50-80 евра | Ист промет и следен квартал | Најчесто викенд | 26-55 возраст | 10,400 |
| Пехчево | 16 | 1 | Ист промет како и претходни 3 месеци | Не веруваат дека подобрените услови на патиштата ќе влијаат на прометот | Не го земаат предвид при деловното планирање | 1 бугарски купувач на недела последните 3 месеци | Помалку од 2% од промет | 50-80 евра | Ист промет и следен квартал | Секој ден | 18-55 возраст | 260 |
| Берово | 18 | 3 | Ист промет како и претходни 3 месеци | Не веруваат дека подобрените услови на патиштата ќе влијаат на прометот | Не го земаат предвид при деловното планирање | 1 бугарски купувач на недела последните 3 месеци | Помалку од 2% од промет | 50 евра | Ист промет следен квартал | Секој ден | 26-45 возраст | 260 |

## Стоматолози и општи амбуланти

Анкетираните стоматолози и амбуланти имале ист обем на промет од бугарските посетители, како и во изминатиот квартал и не очекуваат промена во следниот период. Интервјуираните стоматолози и амбуланти од Берово и Пехчево не веруваат дека подобрените услови на патиштата би имале влијание на прометот ниту, пак, ги планираат бугарските посетители во нивните деловни планови. Но, стоматолозите и амбулантите од Делчево, пак, сметаат дека подобрувањето на условите на патиштата ќе влијае позитивно на прометот од околу 30 отсто и во своите деловни планови ги планираат бугарските посетители.

Бугарските посетители учествуваат со помалку од 20% во вкупниот промет на стоматолозите и амбулантите во Делчево и помалку од 5% на тие во Берово, но помалку од 2% во Пехчево. Бугарските посетители трошат во Делчево околу 80 евра по посета (25 бугарски посетители неделно ги посетуваат стоматолозите и амбулантите во последните 3 месеци), но во помал обем во Пехчево (само 1 посетител од Бугарија

неделно во последните 3 месеци). Во Берово, пак, има по 3 посетители од Бугарија неделно кај оваа група на деловни субјекти. Просечната вредност на потрошените средства по купувач е околу 330 евра месечно.

Едноставни пресметки илустрираат дека месечно бугарските посетители трошат околу 8 илјади евра на ваквите услуги во Делчево, околу 100 евра месечно во Пехчево и околу 1.440 евра месечно во Берово.

| **Стоматолози и амбуланти** | | | **Одговори согласно прашањата од прашалникот** | | | | | | | | | **Вкупно Месечно во Евра** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно интервјуа** | **Одговори** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **7** | **8** | **9** | **10** | |
| Делчево | 19 | 2 | Ист промет како и претходни 3 месеци | Веруваат дека подобрените услови на патиштата ќе влијаат на прометот со 30% | Посетителите се земат предвид при деловното планирање | 40 бугарски купувачи на недела последните 3 месеци | Помалку од 20% од промет | 80 евра | Прометот ќе се зголеми во следен квартал | Секој ден | 26-55 возраст | 8,000 |
| Пехчево | 16 | 2 | Ист промет како и претходни 3 месеци | Не веруваат дека подобрените услови на патиштата ќе влијаат на прометот | Не го земаат предвид при деловно планирање | 1 бугарски купувач на недела последните 3 месеци | Помалку од 2% од промет | 25 евра | Ист промет и следен квартал | Работни денови | 26-35 возраст | 100 |
| Берово | 18 | 2 | Ист промет како и претходни 3 месеци | Не веруваат дека подобрените услови на патиштата ќе влијаат на прометот | Не го земаат предвид при деловно планирање | 3 бугарски купувачи на недела последните 3 месеци | Околу 5% од прометот | 80-160 евра | Ист промет и следен квартал | Работни денови | 26-55 возраст | 1,440 |

## Продавници за малопродажба

Интервјуираните продавници на мало бележат намален промет од бугарските посетители во однос на изминатиот квартал и во најголем број не очекуваат промена и во наредниот период. Испитаниците од Берово и Пехчево, главно, не веруваат дека подобрените услови на

патиштата ќе имаат влијание врз обемот на промет од страна на бугарските посетители ниту, пак, ги планираат во своите деловни планови. Сепак, малите продавници од Делчево сметаат дека подобрувањето на условите на патиштата ќе влијае на прометот и тоа за околу 20 проценти, иако во своите деловни планови не ги планираат бугарските посетители.

Бугарските посетители учествуваат со помалку од 10% во вкупниот промет на продавниците за малопродажба во Пехчево и Берово, а во Делчево помалку од 5%. Бугарските посетители во Делчево трошат околу 40 евра по посета (околу 20 бугарски посетители неделно ги посетиле продавниците во последните 3 месеци), во помал обем е во Пехчево (каде продавниците имале по 4 бугарски посетители неделно, во последните 3 месеци) и Берово (каде имало по 7 бугарски посетители неделно во изминатите 3 месеци). Бугарските гости во Пехчево и Берово трошат околу 30 евра по посета.

Едноставни пресметки илустрираат дека бугарските посетители месечно трошат околу 3,2 илјади евра во Делчево, околу 480 евра месечно во Пехчево и околу 840 евра месечно во Берово во малопродажните локали.

| **Продавници за малопродажба** | | **Одговори согласно прашањата од прашалникот** | | | | | | | | | | **Вкупно Месечно во Евра** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно Интервјуа** | **Одговори** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **7** | **8** | **9** | **10** | |
| Делчево | 19 | 2 | Намален промет во претходни 3 месеци | Подобрените услови на патиштата ќе влијаат на прометот за 20% | Не го земаат предвид при деловното планирање | 20 бугарски купувачи на недела последните 3 месеци | Помеѓу 3% и 5% од промет | 25-50 евра | Зголемен промет со следен квартал | Најчесто викенд | 26-45 возраст | 3,200 |
| Пехчево | 16 | 5 | Намален или ист промет во претходни 3 месеци | Најголем дел веруваат дека подобрените услови на патиштата ќе влијаат на прометот за 20% | Најголем дел не го земаат предвид при деловното планирање | 4 бугарски купувачи на недела последните 3 месеци | До 10% од промет | 10-50 евра | Ист промет и следен квартал | Секој ден | 26-55 возраст | 480 |
| Берово | 18 | 3 | Намален или ист промет во претходни 3 месеци | Најголем дел не веруваат дека подобрените услови на патиштата ќе влијаат на прометот | Најголем дел не го земаат предвид при деловното планирање | 7 бугарски купувачи на недела последните 3 месеци | Помеѓу 3% и 10% од промет | 10-50 евра | Во најголем дел ист промет за следен квартал | Најчесто викенд | 18-45 возраст | 840 |

## Такси услуги

Интервјуираните даватели на такси услуги во Делчево пријавиле намален промет од бугарските посетители во однос на минатиот квартал и најмногу од нив очекуваат намален промет и во следниот период (такси превозниците во Берово го очекуваат истиот промет и во следниот период). Испитаниците од Берово не веруваат дека подобрените услови на патиштата ќе имаат влијание на прометот ниту, пак, ги планираат бугарските посетители во своите деловни планови. Сепак, давателите на такси услуги во Делчево веруваат дека подобрените услови на патиштата ќе го зголемат прометот за околу 30 проценти, иако во своите деловни планови не ги планираат бугарските посетители.

Бугарските посетители имаат удел од помалку од 2% во вкупниот промет на давателите на такси услуги во Берово, а во Делчево помалку од 5%. Бугарските посетители во Делчево трошат околу 5 евра по едно возење (5 бугарскипосетители неделно во последните 3 месеци) и во помал обем во Берово (2 бугарски посетители неделно во последните 3 месеци).

Едноставни пресметки илустрираат дека бугарските посетители месечно трошат околу 100 евра во Делчево и околу 40 евра месечно во Берово. Нема спроведено интервјуа во Пехчево.

| **Такси услуги** | | **Одговори согласно прашањата од прашалникот** | | | | | | | | | | **Вкупно Месечно во Евра** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно интервјуа** | **Одговори** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **7** | **8** | **9** | **10** | |
| Делчево | 19 | 2 | Намален промет во претходни 3 месеци | Веруваат дека подобрените услови на патиштата ќе влијаат на прометот од 30% | Не го земаат предвид при деловното планирање | 5 бугарски купувачи на недела последните 3 месеци | Помалку од 5% од промет | Околу 5 евра | Ист или зголемен промет следен квартал | Секој ден | 18-45 возр аст | 100 |
| Пехчево | 16 | 0 | н.п. | н.п. | н.п. | н.п. | н.п. | н.п. | н.п. | н.п. | н.п. | н.п. |
| Берово | 18 | 1 | Ист промет како и претходни 3 месеци | Не веруваат дека подобрените услови на патиштата ќе влијаат на прометот | Не го земаат предвид при деловното планирање | 2 бугарски купувачи на недела последните 3 месеци | Помалку од 2% од промет | Околу 5 евра | Ист промет следен квартал | За викенд | 26-55+ возр аст | 40 |

## Хотели и ресторани

Интервјуираните претставници на хотелите и ресторанite во Делчево, бележат најмногу намален промет од бугарските посетители во однос на минатиот квартал и најмногу од нив очекуваат ист промет и за следниот период. Во Берово и Пехчево, хотелите и ресторанite очекуваат зголемен промет во следниот период. Хотелите и ресторанite од микрорегионот (регионот на трите општини) веруваат дека подобрените услови на патиштата ќе влијаат на прометот за околу 20% иако тие не ги земаат предвид гостите од Бугарија при нивните деловни планирања. Бугарските потрошувачи имаат удел помеѓу 6%-15% во вкупниот промет кај хотелите и ресторанite во Берово, во Делчево 6%-15%, а во Пехчево од 2%-10%. Бугарските потрошувачи во Делчево трошат 25-50 евра по посета (26-40 бугарски посетители неделно во последните 3 месеци) и во помал обем во Берово (5 бугарски посетители неделно во последните 3 месеци) и во Пехчево (3-20 бугарски посетители неделно во последните 3 месеци).

Едноставни пресметки илустрираат дека бугарските посетители месечно во хотелите и ресторанite трошат околу 5.280 евра во Делчево, околу 500 евра месечно во Берово 2.400 евра во Пехчево.

| **Хотели и ресторани** | | | **Одговори согласно прашањата од прашалникот** | | | | | | | | | **Вкупно месечно во Евра** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно интервјуа** | **Одговори** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **7** | **8** | **9** | **10** | |
| Делчево | 19 | 3 | Најчесто намален промет како и претходни 3 месеци | Подобрените услови на патиштата ќе влијаат на прометот 20% | Го земаат предвид при деловното планирање | 26-40 бугарски купувачи на недела последните 3 месеци | Помеѓу 6% и 25% од прометот | 25-50 евра | Ист промет и следен квартал | викенд | 18-45 возраст | 5,280 |
| Пехчево | 16 | 3 | Намален или ист промет како и претходни 3 месеци | Некои веруваат дека подобрените услови на патиштата ќе влијаат на прометот со 20% | Не го земаат предвид при деловното планирање | 3-20 бугарски купувачи на недела последните 3 месеци | Од 2% до 10% од прометот | 25-50 евра | Зголемен промет и следен квартал | Викенди и празници | 18-45 возраст | 2,400 |
| Берово | 18 | 3 | Ист промет како и претходни 3 месеци | Најголем дел веруваат дека подобрените услови на патиштата ќе влијаат на прометот со 20% | Повеќето не го земаат предвид при деловното планирање | 5 бугарски купувачи на недела последните 3 месеци | Помеѓу 6% и 15% од прометот | 25 евра | Зголемен промет и следен квартал | викенди | 18-45 возраст | 500 |

## Зелени пазари

Зелените пазари во Делчево бележат намален промет од бугарските посетители, споредено со минатиот квартал и најмногу од нив очекуваат зголемен промет за следниот период (во Берово се очекува истиот промет во следниот период). Испитаниците од микрорегионот не веруваат дека подобрените услови на патиштата ќе влијаат на прометот и, во најголем дел, не ги планираат бугарските посетители во нивните деловни планови.

Потрошувачката на бугарските посетители учествува со помалку од 5% во вкупниот промет на зелените пазари во Берово, во Делчево помеѓу 6% и 25% (додека во Пехчево од 2%-10%). Бугарските посетители во Делчево трошат помеѓу 25-50 евра (11-20 Бугарски посетители неделно во последните 3 месеци), а во помал обем во Берово и Пехчево од 10-25 евра (2-5 бугарски посетители неделно во последните 3 месеци за Пехчево и Берово).

Едноставни пресметки илустрираат дека месечно бугарските посетители трошат околу 2.400 евра во Делчево и околу 320 евра месечно во Берово и Пехчево на зелените пазари.

| **Зелени пазари** | | **Одговори согласно прашањата од прашалникот** | | | | | | | | | | **Вкупно Месечно во Евра** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно интервјуа** | **Одговори** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **7** | **8** | **9** | **10** | |
| Делчево | 19 | 4 | Во најголем дел намален промет во последните 3 месеци | Повеќето не веруваат дека подобрените услови на патиштата ќе влијаат на прометот | Повеќето не го земаат предвид при деловното планирање | 11-20 бугарски купувачи на недела последните 3 месеци | Помеѓу 6% и 25% од прометот | 25-50 евра | Во најголем дел зголемен промет во следен квартал | Пазарни денови | 46-55 возраст | 2,400 |
| Пехчево | 16 | 4 | Во најголем дел намален промет во последните 3 месеци | Повеќето не веруваат дека подобрените услови на патиштата ќе влијаат на прометот | Повеќето не го земаат предвид при деловното планирање | 2-5 бугарски купувачи на недела последните 3 месеци | Помеѓу 2% и 10% од прометот | 10-25 евра | Ист промет и следен квартал | Најчесто за празници | 26-55 возраст | 320 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Берово | 18 | 4 | Во најголем дел намален промет во последните 3 месеци | Повеќето не веруваат дека подобрените услови на патиштата ќе влијаат на прометот | Не го земаат предвид при деловното планирање | 2-5 бугарски купувачи на недела последните 3 месеци | Помеѓу 2% и 5% од прометот | 10-25 евра | Ист промет и следен квартал | Викенди и празници | 26-55 возраст | 320 |

## Поголеми продавници на мало

Поголемите маркети во Делчево бележат ист промет од бугарските посетители во однос на минатиот квартал и најголем дел од нив очекуваат ист промет и во следниот период (во Берово и во Пехчево очекуваат ист или зголемен промет во следниот период). Испитаниците од овој микрорегион не веруваат дека подобрените услови на патиштата ќе влијаат на прометот на нивните продавници ниту, пак, ги планираат бугарските гости во нивните деловни планови.

Бугарските посетители имаат помалку од 2% удел во вкупниот промет на поголемите маркети во овој микрорегион. Бугарските потрошувачи во Делчево трошат помеѓу 50-80 евра (3-10 бугарски посетители неделно во последните 3 месеци) и во помал дел во Берово и Пехчево (10-25 евра за 3-5 бугарски посетители неделно во последните 3 месеци).

Едноставните пресметки илустрираат дека месечно бугарските посетители трошат околу 1.120 евра во Делчево и околу 320 евра месечно во Берово и Пехчево во поголемите продавници на мало.

| **Поголеми продавници на мало** | | **Одговори согласно прашањата од прашалникот** | | | | | | | | | | **Вкупно Месечно во Евра** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно интервјуа** | **Одговори** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **7** | **8** | **9** | **10** | |
| Делчево | 19 | 2 | Ист промет како и претходни 3 месеци | Не веруваат дека подобрените услови на патиштата ќе влијаат на прометот | Го земаат предвид при деловното планирање | 3-10 бугарски купувачи на недела последните 3 месеци | Помалку од 2% од промет | 50-80 евра | Ист промет и следен квартал | Викенди и работни денови | 46-55+ возраст | 1,120 |
| Пехчево | 16 | 1 | Намален или ист промет како и претходни 3 месеци | Не веруваат дека подобрените услови на патиштата ќе влијаат на прометот | Не го земаат предвид при деловното планирање | 3-5 бугарски купувачи на недела последните 3 месеци | Помалку од 2% од промет | 10-25 евра | Зголемен промет во следен квартал | Викенди и празници | 26-45 возраст | 320 |
| Берово | 18 | 2 | Намален промет од претходни 3 месеци | Не веруваат дека подобрените услови на патиштата ќе влијаат на прометот | Не го земаат предвид при деловното планирање | 3-5 бугарски купувачи на недела последните 3 месеци | Помалку од 2% од промет | 10-25 евра | Ист промет и следен квартал | викенди | 26-45 возраст | 320 |

# Локални даноци кај општините

Во следната табела ги прикажуваме: бројот на населението во општините, вкупните јавни приходи на општините и приходи на општините од сопствени извори.

Табела- Вкупни приходи на општините, сопствени приходи (без трансфери од централна власт, без донации и без задолжувања) во евра, проценти од вкупните приходи за 2021 година

| | Население | Вкупно сопствени приходи во евра | Вкупно приходи во евра | Процент на сопствени приходи /вкупни приходи | Сопствени приходи/население |
|---|---|---|---|---|---|
| **Берово** | 10,890 | 835,198 | 4,838,496 | 17 | 77 |
| **Делчево** | 13,585 | 767,233 | 4,784,153 | 16 | 56 |
| **Пехчево** | 3,983 | 350,113 | 1,602,099 | 22 | 88 |
| **Северна Македонија** | 1,836,713 | 226,644,383 | 661,346,487 | 34 | 123 |

Извор: Попис 2021 и Министерство за финансии, трезор. Пресметки на авторот.

Населението во овие општини учествува со околу 1,5% во вкупното население на Северна Македонија. Сопствените приходи учествуваат со околу 20% во вкупните приходи на општините што претставува понизок процент од националниот просек (34%) што ги прави овие општини значајно зависни од трансферите на централната власт. Исто така, овие општини во просек собираат помалку приходи од сопствени извори по глава на жител, споредено со националниот просек (123 евра по глава на жител).

# Ефекти од потрошувачката на посетителите од Бугарија

Ефектите од потрошувачката на бугарските посетители за локалната економија се највисоки во Делчево и се во опсег од 4% од локалните приходите што ги собира општината, додека овој процент е понизок за Пехчево (1,1%) и Берово (0,4%).

Табела- Проценет месечен промет според одговорите од интервјуата

| | Бензински станици | Стоматолози амбуланти | Помали продавници | Такси услуги | Хотели и ресторани | Зелени пазари | Поголеми продавници и за малопродажба | Вкупно | % од општинските сопствени приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Делчево** | 10,400 | 8,000 | 3,200 | 100 | 5,280 | 2,400 | 1,120 | 30,500 | 4.0 |
| **Пехчево** | 260 | 100 | 480 | н.п | 2,400 | 320 | 320 | 3,880 | 1.1 |
| **Берово** | 260 | 1,440 | 840 | 40 | 500 | 320 | 320 | 3,720 | 0.4 |
| **Вкупно** | 10,920 | 9,540 | 4,520 | 140 | 8,180 | 3,040 | 1,760 | 38,100 | 2.0 |

Извор: одговори од прашалници и Министерство за финансии, трезор. Пресметки на авторот.

# Опсервации за периодот

- **Царината и граничната полиција извести дека бројот на премини на границата од страна на бугарски државјани за овој период на известување е помал споредено со изминатиот период.**
- **Премините се најчести за време на викендите, а дневниот просек е над 46 лица.**
- **Административниот персонал на царината и граничната полиција смета дека подобрените услови на патиштата може да го зголемат прометот од бугарските посетители во микрорегионот Делчево, Берово и Пехчево за 20% до 40%.**
- **Деловните субјекти не се уверени дека би имало зголемување на прометот од бугарските посетители во следните 3 месеци.**

Довербата за следните 3 месеци е претставена во следната табела. Бензинските станици и давателите на здравствени услуги очекуваат ист промет, како и претходниот период, додека малите продавници очекуваат намалување. Останатите деловни субјекти во останатите економски активности имаат различни очекувања за прометот во наредните 3 месеци.

Табела- Очекувања за прометот во следните 3 месеци

| | **Бензински станици** | **Стоматолози амбуланти** | **Помали продавници** | **Такси услуги** | **Хотели и ресторани** | **Зелени пазари** | **Поголеми продавници за малопродажба** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Делчево** | ист | ист | намален | намален | најчесто намален | најчесто намален | ист |
| **Пехчево** | ист | ист | намален | н.п | намален | најчесто намален | намален |
| **Берово** | ист | ист | намален | ист | најчесто ист | најчесто намален или ист | намален |
| **Вкупно** | ист | ист | намален | различни очекувања | различни очекувања | различни очекувања | најчесто намален |

- **Ефектите за локалната економија од посетите на бугарските потрошувачи** се најголеми во Делчево и изнесуваат околу 4% споредено со општинските сопствени приходи што ги собира општината. Пониска вредност е ефектот кај општините Пехчево (1,1%) и Берово (0,4%).
- Во овој Прв извештај, **севкупната состојба** од теренското истражување укажува дека посетите од бугарските граѓани се значително намалени, главно, поради политичката ситуација помеѓу двете земји (според исказите на мнозинството од испитаниците). Очекувањата за летниот период се позитивни. Во овој период на известување гостите од Бугарија немале особени барања, освен во еден случај на посебен специјалитет за јадење во еден од рестораните во Делчево. Во овој период гостите од Бугарија немале ниту поплаки, освен повторно во еден случај со поплака за високите цени во една од поголемите малопродажни продавници во Делчево.
- Кај **бензинските станици** ситуацијата е слична кај сите три општини и, според нивните очекувања, не веруваат дека доколку се подобрат условите на патиштата ќе има влијание врз прометот од бугарските посетители ниту, пак, го планираат во нивните деловни планови. Сепак, најголем дел од бугарските посетители купуваат на бензинските пумпи во Делчево. Бугарските посетители учествуваат со помалку од 2% во вкупниот промет на бензинските пумпи. **Просечната возраст на бугарските посетители на бензинските станици е околу 40 години и тие трошат околу 260 евра месечно на бензинските пумпи**.
- Што се однесува до **стоматолошките и општите амбуланти** во Делчево, тие сметаат дека подобрувањето на условите на патиштата ќе влијае позитивно на прометот од бугарските посетители за околу 30% и тие ги планираат бугарските посетители во своите деловни планови. Наспроти тоа, пак, во Пехчево и Берово не веруваат дека подобрените услови на патиштата би влијаеле на нивниот прометот ниту, пак, ги планираат бугарските посетители во деловните планови. Бугарските посетители може да имаат и до 20% удел во вкупниот промет на стоматолозите и амбулантите во Делчево, помалку од 5% во Берово, а помалку од 2% во Пехчево. **Просечната возраст на бугарските посетители на стоматолозите и амбулантите е 40-тина години и тие трошат околу 329 евра месечно.**
- **Малите продавници** бележат намален промет од бугарските посетители, споредено со изминатиот квартал, а во наредниот период најголем број од нив очекуваат прометот да остане непроменет. Малите продавници од Делчево веруваат дека подобрените услови на патиштата ќе влијаат на прометот за околу 20%, иако во своите деловни планови не ги планираат бугарските посетители. Бугарските посетители имаат помалку од 10% учество во вкупниот промет на малите продавници во Пехчево и Берово, а во Делчево помалку од 5%. **Просечна возраст на бугарските посетители во малите продавници се во своите 30-ти години и трошат околу 146 евра месечно.**
- Анкетираните **такси возачи** во Делчево укажале на намален промет од страна на бугарските посетители споредено со минатиот квартал, а најголем број од нив очекуваат намален промет и за следниот период (такси возачите во Берово очекуваат ист промет и во следниот период). Испитаниците од Берово не веруваат дека подобрените услови на патиштата ќе влијаат позитивно на прометот ниту, пак, ги планираат бугарските посетители во нивните планови. Сепак, такси возачите од Делчево веруваат дека подобрените услови на патиштата ќе го зголемат прометот за околу 30 проценти, иако во своите деловни планови не ги планираат

бугарските гости. Едноставни пресметки илустрираат дека месечно бугарските потрошувачи трошат околу 100 евра во Делчево и околу 40 евра месечно во Берово. Нема спроведени интервјуа во Пехчево. **Просечна возраст на бугарските посетители кои користат такси услуги се во 40-тите години и трошат околу 20 евра месечно за такси услуги.**

- **Хотелите и ресторанитe** во Делчево најчесто бележат намален промет од бугарските посетители споредено со минатиот квартал и најголем број од нив очекуваат прометот да остане ист и во следниот период. Хотелите и ресторанитe од микрорегионот веруваат дека подобрените услови на патиштата ќе влијаат на прометот за околу 20 отсто, иако тие не ги планираат бугарските посетители во своите деловни планови. Бугарските посетители имаат удел помеѓу 6% и 15% во вкупниот промет на хотелите и ресторанитe во Берово, во Делчево удел од 6%-15% и во Пехчево 2%-10% удел во вкупниот промет. Едноставни пресметки илустрираат дека месечно бугарските посетители трошат околу 5.280 евра во Делчево, околу 500 евра во Берово и 2.400 евра во Пехчево. **Просечна возраст на бугарските посетители кои хотелски и ресторански се на возраст од 30 години и трошат околу 248 евра месечно за хотели и ресторани.**
- **Зелените пазари** во Делчево бележат претежно намален промет од страна на бугарските посетители споредено со минатиот квартал и најголем број очекуваат зголемен промет за следниот период (во Берово се очекува истиот промет во следниот период). Испитаниците од микрорегионот не веруваат дека подобрените услови на патиштата ќе влијаат на прометот од бугарските посетители што просечно изнесува помеѓу 25-50 евра во Делчево (11-20 посетители од Бугарија неделно во последните 3 месеци) и во помала мера во Берово и Пехчево од 10-25 евра (2-5 посетители од Бугарија неделно во последните 3 месеци). Едноставните пресметки илустрираат дека месечно бугарските посетители трошат околу 2.400 евра во Делчево и околу 320 евра месечно во Берово и Пехчево. **Просечна возраст е 40 години и трошат околу 203 евра месечно на зелените пазари**.
- **Поголемите маркети** во Делчево бележат ист промет од бугарските посетители во однос на минатиот квартал и најголем број очекуваат ист промет и за следниот период (во Берово и Пехчево очекуваат ист или зголемен промет во следниот период). Бугарските посетители учествуваат со помалку од 2% во вкупниот промет на поголемите малопродажни продавници во овој микрорегион. Бугарските потрошувачи трошат неделно помеѓу 50-80 евра во Делчево (3-10 посетители од Бугарија неделно во последните 3 месеци) и во помал дел во Берово и Пехчево (10-25 евра за 3-5 посетители од Бугарија неделно во последните 3 месеци). Едноставните пресметки илустрираат дека месечно овие посетители трошат околу 1.120 евра во Делчево и околу 320 евра месечно во Берово и Пехчево. Просечна возраст на посетителите од Бугарија е 40 години и трошат околу 352 евра месечно во поголемите маркети.

# Заклучоци од периодот на известување

- **Просечната возраст на посетителите од Бугарија е 40-тина години.**
- **Просечната вредност на потрошувачката по услуга на месец од страна на посетителите од Бугарија во микрорегионот е околу 253 евра. Потрошувачката, пак, по деловна активност е (види графикон):**
    - o Бензински пумпи (260 евра месечно)
    - o Стоматолози и амбуланти (329 евра месечно)
    - o Мали продавници (146 евра месечно)
    - o Такси услуги (20 евра месечно)
    - o Хотели и ресторани (248 евра месечно)
    - o Зелени пазари (203 евра месечно)
    - o Поголеми продавници за малопродажба (352 евра месечно)
    - o **вкупно = 253 евра месечно**
- **Доколку се подобрат условите на патиштата во овој микрорегион, се очекува вкупниот промет од бугарските посетители да се зголеми за 22%. Ефектот од подобри услови на патиштата, со оглед на очекувањата на бизнисите во овој микрорегион по деловна активност, може да биде (види графикон):**
    - o Бензински пумпи (без ефект)
    - o Стоматолози и амбулантни возила (25% зголемување)
    - o Мали продавници (зголемување од 16%)
    - o Такси услуги (21% зголемување)
    - o Хотели и ресторани (20 % зголемување)
    - o Зелени пазари (без ефект)
    - o Поголеми продавници за малопродажба (без ефект)
    - o Вкупен ефект мерено како зголемен промет од бугарски посетители во микрорегионот = зголемување од 22%.
- **Делчево добива најмногу од бугарските посетители поради близината на граничниот премин.** Во Делчево има 20 до 40 пати повеќе бугарски посети отколку во Берово и Пехчево и тоа, на пример, кај бензинските станици, стоматолозите и амбулантите .
- **Потрошувачката на посетителите од Бугарија во Делчево изнесува околу 4% од собраните локални даноци во Делчево. Во Пехчево е околу 1% и половина процент во Берово (види графикон).**
- **Воведување микрорегион кој ги опфаќа општините Делчево, Пехчево и Берово за привлекување поголем број посетители од Бугарија преку подобрување на соработката и координацијата**. Сепак, тоа би барало унапредени локални патишта, подобра соработка и координација на локалните политики, за да се претстави овој микрорегион пред бугарските посетители. Тоа, исто така, значи и запознавање со профилот на бугарските посетители и нивните посебни барања.
- **Постои потенцијал за здравствен туризам и во овој микрорегион Делчево, Пехчево и Берово.** Стоматолозите и амбулантите од Делчево изјавиле дека 20 % од нивниот промет е од страна на посетители од Бугарија и веруваат дека тој удел може да порасне за 30 % доколку патиштата се во подобра состојба.

- **Хотелите и рестораните можат да го подобрат прометот за 20% од посетителите од Бугарија доколку се подобрат условите на патиштата**.







